ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА
ENTI SHTETËROR I REVIZIONIT
STATE AUDIT OFFICE

# Апстракт од конечен ревизорски извештај

**Клучни субјекти опфатени со ревизорскиот извештај:** Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Факултет за драмски уметности – Скопје

**Предмет на ревизија:**
Ревизија на финансиските извештаи заедно со ревизија на усогласеност на сметка на основен буџет (603) за 2020 година.

**Цел на ревизијата:** Да се добие разумно уверување за тоа дали финансиските извештаи земени како целина се ослободени од материјално погрешни прикажувања.

**Клучни утврдени состојби:**
- неусогласеност на податоците од сметководствената евиденција и бруто билансот со Билансот на состојба;
- нецелосно и неправилно спроведен попис на средствата, побарувањата и обврските со кои располага Факултетот и не евидентирана опрема;
- ненавремено и хронолошко евидентирање на примените фактури
- утврдени слабости кај една спроведена постапка за јавна набавка.

**Издадено мислење*:**
изразивме воздржување од давање мислење за реалноста и објективноста на финансиските извештаи за 2020 година, а за усогласеност на финансиските трансакции со релевантната законска регулатива изразивме неповолно мислење.

**Клучни системски слабости:**

Не преземени активности од страна на Националниот совет во врска со донесување на Уредба за мерила и критериуми за финансирање на високото образование, што придонесува за различен начин на постапување и функционирање од страна на високо образовните установи, преку акти и одлуки кои тековно ги донесуваат.

**Клучни препораки:**
- воспоставување на навремена, хронолошка и целосна сметководствена евиденција во деловните книги;
- спроведување на целосен попис и евидентирање на целокупната опрема која не е евидентирана;
- доследно почитување на одредбите во склучените договори за јавни набавки.

**Одговор на добиени забелешки:**
најголем дел од дадените забелешки претставуваат известување за преземени мерки без доставени дополнителни докази и за активности кои се планира да се преземат во нареден период за надминување на констатираните состојби.

**Добиени забелешки на Нацрт извештај:**
Добиени се забелешки на Нацрт извештајот од страна на деканот на факултетот.

* позитивно, со резерва, неповолно, воздржување

ул. Павел Шатев бр.2, Палата „Емануел Чучков“, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Pallata„Emanuel Çuçkov“, rr. Pavel Shatev nr.2, 1000 Shkup, Republika e Maqedonisë së Veriut
Pavel Shatev St 2, Palata Emanuel Cuckov, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
T: +38923211262 www.dzr.mk dzr@dzr.gov.mk

INTERCERT system certification ISO 9001: 2015 CERTIFIED Q-025/2018